## Постапка за поднесување на пријава за часот на отпочнување на работното време и распоредот на работното време и евиденција за работното време на туристичките агенции што работат на подрачјето на Општина Куманово

Согласно Законот за туристичка дејност (Сл. Весник на РМ бр. 62/04, 89/08, 12/09, 17/11, 47/11, 53/11, 123/12, 164/13, 27/14), член 55, став 1 "Туристичката агенција е должна часот на отпочнувањето на работното време и распоредот на работното време да го пријави на градоначалникот на општината и Државниот инспекторат за труд во рок од осум дена пред денот на почетокот на вршењето на туристичката дејност и пред измената на часот и распоредот на работното време на објектот."

Пријавата за часот на отпочнување на работното време и распоредот на работното време се доставува до Одделението за ЛЕР преку архивата на Општина Куманово на образец согласно Правилникот за формата и содржината на образецот на Пријавата за утврдување на часот на отпочнувањето на работното време и распоредот на работното време (Сл. Весник на РМ бр. 116/06)**,** во два примероци;

Во Архивата се потврдува приемот на поднесокот и се води деловодник за поднесоците.

Пријавата се заведува во интерна доставна книга и се доставува до Раководителот на Секторот кој поштата ја парафира и ја доставува во Раководителот на Одделението за ЛЕР;

Раководителот на Одделението за ЛЕР, ја парафира Пријавата и ја доставува до самостојниот референт надлежен за вршење на работите од областа на угостителството, туризмот, трговијата и занаетчиството;

Самостојниот референт за угостителство, туризам, трговија и занаетчиство ја разгледува Пријавата, ја заверува во Архива и ги заведува податоците од Пријавата во електронска дата база за работно време на туристички агенции кои работат на територијата на Општина Куманово.

Еден примерок од Пријавата се доставува до странката, додека еден примерок Самостојниот референт за угостителство, туризам, трговија и занаетчиство го документира според дата на поднесување;

Самостојниот референт за угостителство, туризам, трговија и занаетчиство, на секои три месеци доставува извод од електронската дата база за работно време на туристички агенции кои работат на територијата на Општина Куманово до Раководителот на Секторот, Раководителот на Одделението за ЛЕР и Секторот за инспекциски надзор.